# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018 -2025

**мај 2024 година**

## 1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Извештајот за спроведување на Акцискиот план 2018-2025 година, за периодот јануари-декември 2023 г., е подготвен согласно новото Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии усвоено од страна на Владата на Република Северна Македонија во месец мај 2022 г. („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/2022 од 30.5.2022г.) Извештајот содржи резиме на постигнати резултати, и преглед на постигнати резултати/индикатори во однос на посебните цели, предизвици и ризици во текот на спроведувањето на акцискиот план.

Реализираните активности во текот на 2023 година придонесуваат за исполнување на утврдените индикатори согласно Акцискиот план. Дел од предвидените индикатори се постигнати/исполнети пред утврдениот рок, но кај дел од индикаторите има пролонгирање на роковите за имплементација.

Во 2023 г. продолжи етапната реформа на основното образование,а ставен е и посебен акцент на дигитализацијата. Опремени се 40 основни училишта со дигитална опрема и изработени се нови интерактивни учебници за 4-то, 5-то и 6-то одделение. Во насока на системско обезбедување на образование на малолетните деца сместени во воспитно-поправните домови, подготвени се измени на Законот за основно образование кои се доставени во собраниска процедура на усвојување. Во делот на средно образование завршени се консултациите со сите засегнати страни по однос на предлог Закон за средно образование. Законот е доставен во собраниса процедура на усвојување, по што ќе започне и реформата на наставните програми. Успешно се спроведува реформата на стручното образование, и оваа година уписната политика беше координирана со локалните заедници и работодавачите. Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност ги донесе потребните подзаконски акти согласно годишниот план за работа. Се уште останува предизвик реформата на системот за финансирање на високо-образовните установи. Во делот на образование на возрасни, предлог новиот Закон со кој се уредува постапката за валидација на неформалното образование и учење е утврден од Владата и доставен во собраниска процедура. Потребни се дополнителни напори за зголемување на буџетските средства за финансирање на образованието за возрасни.

Треба да се земе предвид и фактот дека станува збор за периодичен извештај кој се однесува на една календарска година, па оттаму и оценката за постигнувањето на приоритетните цели е периодична.

# 2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## 2.1. ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Постигнати резултати/исходи во 2023 година од спроведување на мерките и активности од Столб 1:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Солб 1 „Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на предучилишното образование"** , предвидени се 4 мерки со рок на реализација до 2025 година:

1. Ревидирање на Програмата за рано учење и развој
   **Индикатори:** *Одобрена Програма за рано учење и развој во предучилишно образование којашто ги исполнува барањата на Стандардите за рано учење и развој; Подготвени прирачници за реализирање на Програмата за рано учење и развој; Програмата за рано учење и развој пилотирана и постепено воведена во најмалку 10 градинки*

Во месеците октомври и ноември 2023 година интердисциплинарни тимови составени од советници од Бирото за развој на образованието, претставници од Секторот за заштита на децата при Министерството за труд и социјална политика и професори од педагошките факултети спроведоа мониторинг со поставување на истражувачки прашања за директорите, воспитувачите и стручните работници и соработници. Во мониторингот беа вклучени 30 јавни детски градинки. Целта на мониторингот беше да се утврди актуелната состојба од аспект на квалитетот, можностите и предизвиците во целокупната работа на детските градинки низ начинот на имплементација на Програмата за рано учење и развој базирана на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 3 до 6 години. Добиените сознанија исклучиво ќе се користат за креирање на идните политики и активности во насока на подобрување на квалитетот на предучилишното образование и ревидирање на Програмата за рано учење и развој во предучилишно образование.

2. Оптимизирање на бројот на децата во групите
   **Индикатори:** *Отворени нови групи во градинките со поголем број деца од пропишаните норми; Отворени неопходните работни места и пополнети со нови вработувања на воспитувачи и негуватели; Бројот на деца по група не ги надминува нормите определени со легислативата*

Во 2023 година во осум објекти направена е промена на просторни услови (во постоечки објекти, се зголеми капацитет за згрижување), за што обезбеден е и неопходниот кадар:

- о. Карпош - Доградба на објект и зголемен капацитет за 100 деца во состав на ЈОУДГ „Орце Николов";

- о. Пробиштип –Доградба на објект и зголемен  капацитет за 77 деца во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев";
- о. Росоман –Доградба на објект и зголемен капацитет за 39 деца во состав на  ЈОУДГ  „Праскичка";
- о. Кисела Вода -  Адаптација на простор и зголемен капацитет за 56 деца на ЈОУДГ ‚Весели Цветови";
- о. Вевчани –Доградба на објект и  капацитет за 80 деца во состав на ЈОУДГ  „Планински Цвет" ;
- о.Гостивар  - Доградба на објект и зголемен капацитет за 100 деца во состав на ЈОУДГ  „Детска радост";
- о.Кочани  - Адаптација на објект  на ЈОУДГ „Павлина Вељанова"за 20 деца
- о.Велес – Адаптација на објект и зголемен капацитет за 75 деца во состав на ЈОУДГ „Мирче Ацев".

3. Обезбедување на неопходните физички услови (простор, игрални и игралишта, мебел, спортска опрема итн.) на установите за деца
   **Индикатори:** *Спроведено целосно мапирање и попис на потребите на предучилишните установи; Целосно опремени 30% од јавните градинки согласно Стандардите и нормативите за вршење на дејноста  на установите за деца*

Изградени се и опремени:

- Нова јавна установа за деца – детска градинка „Фатосат" во општина Арачиново со капацитет за 115 деца
- Нов објект во Пинтија „Симба", во состав на ЈОУДГ„Весели Цветови" К.Вода за 52 деца

Отворени две групи во други просторни услови:

- ЈОУДГ„Бамби" општина Чашка за 16 деца;
- ЈОУДГ„ Фемо Кулаков" с.Тремник -Неготино  за 5 деца

Отворени два Центри за ран детски детски развој

- ЈОУДГ„Младост" Тетово - с. Мигени за опфат на 40 деца
- ЈОУДГ 23 Август" во Берово за опфат на 24 деца

4. Обезбедување на неопходните дидактички материјали за градинките
   **Индикатори:** *Прифатени нормативите за дидактички материјали; Снабдени сите градинки со неопходните дидактички средства и материјали; Целосно опремени 30% од јавните градинки согласно Стандардите за рано учење и развој*

Министерството за труд и социјална политика и во текот на 2023 година продолжи со вложување и обезбедување во опрема и дидактички средства и материјали во детските градинки кои имаа проширен и зголемен капацитет на деца.

Во текот на 2023г. продолжи да се надоградува платформата Едуино, која првично беше наменета само за предучилишно, но како резултат на Ковид-19, оваа платформа беше проширена да ги опфати и основно и средно образование. Отворен е посебен дел за професионален развој каде се поставени онлајн обуки за воспитувачи и друг наставен кадар, како и дел наречен ЕдуиноИгратон .   ЕДУИНО Игратон е креативен предизвик за учење и игра преку селектирани активности и игри наменети за деца од 3 до 10-годишна возраст, како во домашни услови, така и во градинките во рамките на воспитните групи и во училиштата од I до V одделение.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Зголемување на опфатот на децата и подобрување на инклузивноста во предучилишното образование"**, предвидени се 3 мерки со рок на реализација до 2025 година:

1. Проширување на мрежата на предучилишните установи
   **Индикатори:** *40 нови установи во рурални и урбани средини во 40 градови/села; Опфатени околу 3000 деца*

Во 2023 година, се продолжи со зголемување на капацитетите на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, се со цел да се зголеми бројот на опфатот на деца во воспитно – образовниот процес.

Изградени се и опремени:

- Нова јавна установа за деца – детска градинка „Фатосат" во општина Арачиново со капацитет за 115 деца
- Нов објект во Пинтија „Симба", во состав на ЈОУДГ„Весели Цветови" К.Вода за 52 деца

Во осум објекти направена е промена на просторни услови (во постоечки објекти, се зголеми капацитет за згрижување), за што обезбеден е и неопходниот кадар:

- о. Карпош - Доградба на објект и зголемен капацитет за 100 деца во состав на ЈОУДГ „Орце Николов"
- о. Пробиштип –Доградба на објект и зголемен капацитет за 77 деца во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев"
- о. Росоман –Доградба на објект и зголемен капацитет за 39 деца во состав на ЈОУДГ „Праскичка";
- о. Кисела Вода - Адаптација на простор и зголемен капацитет за 56 деца на ЈОУДГ ,Весели Цветови";
- о. Вевчани –Доградба на објект и капацитет за 80 деца во состав на ЈОУДГ „Планински Цвет" ;
- о.Гостивар - Доградба на објект и зголемен капацитет за 100 деца во состав на ЈОУДГ „Детска радост";
- о.Кочани - Адаптација на објект на ЈОУДГ „Павлина Велјанова"за 20 деца
- о.Велес – Адаптација на објект и зголемен капацитет за 75 деца во состав на ЈОУДГ „Мирче Ацев".

Отворени две групи во други просторни услови:

- ЈОУДГ„Бамби" општина Чашка за 16 деца;
- ЈОУДГ„ Фемо Кулаков" с.Тремник -Неготино за 5 деца

Отворени два Центри за ран детски детски развој

- ЈОУДГ„Младост" Тетово - с. Мигени за опфат на 40 деца
- ЈОУДГ 23 Август" во Берово за опфат на 24 деца

**Во текот на 2023 година капацитетот во јавните установи за деца е зголемен за 800 деца.**

Во 2023 година дадени се решенија на следните приватни установи за деца:

Приватни установи за деца – детски градинки:

- ПУДГ „Амичи" основање на објект „Амичи- Колн 1" во општина Карпош - Скопје со капацитет од 74 деца;
- ПУДГ „Литл Ми "основање на објект „Литл Ми 2" во општина Аеродром – Скопје со капацитет за 72 деца;
- ПУДГ„ Витет Маѓике" во општина Гостивар со капацитет за 20 деца

Промена на просторни услови (во постоечки објекти):

- ПУДГ „Лилипут Дворче" во Скопје промена на седиште и капацитет за 29 деца;
- ПУДГ„ Гулдесте" во општина Гостивар капацитет за 42 деца;

**Во текот на 2023 година капацитетот во приватните установи е зголемен за 237 деца, односно во јавните и приватни установи за деца опфатот на деца е зголемен за вкупно 1037 деца.**

2. Приспособување на предучилишните установи за инклузивно образование
   **Индикатори:** *Воспоставени критериуми за избор на најмалку 20 инклузивни градинки; Целосно приспособени градбите на избраните градинки за децата со развојни потешкотии; Формирани стручни тимови во избраните градинки составени од предагог, психолог, специјален едукатор, логопед и социјален работник*

Преку Проект за унапредување на социјалните услуги (финансиран со заем од Светска банка) Компонента 2: Проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на предучилишните услуги се финансира и измена на формулата за финансирање на системот за воспитание и згрижување, со што ќе се промени и износот кој што го плаќаат родителите. Намерата е посиромашните семејства и самохраните родители да плаќаат помалку, односно да бидат изземени од плаќање. На овој начин со зголемување на мрежата на детски градинки низ Македонија планот е да се зголеми инклузивноста на децата во градинките.

И во 2023 година продолжи имплементација и процесот на инструмент за мерење на раниот детски развој преку анализа на квалитетот и резултатите на раното учење, наречен MELQO (Measuring Early Learning Quality and Outcomes. Со студијата од MELQO се поддржува донесувањето на одлуки засновани на податоци и докази во системите за ран детски развој. Со ова истражување ќе се обезбеди инклузивно и правично, квалитетно образование и ќе се промовираат еднаквите можности за доживотно учење за сите.

Од целиот процес ќе се обезбеди преглед на пристапот и процесот на адаптација на алатките, рамката за мерење на квалитетот и подготвеноста на децата за поаѓање во училиште и дава преглед на клучните наоди поврзани со учењето и развојот на децата заедно со квалитетот на обезбедувањето рано образование и грижа за децата.

3. Ревидирање на постојните и развивање на нови дидактички материјали за децата со развојни потешкотии
   **Индикатор:** *Подготвени дидактички материјали за најмалку три вида на развојни потешкотии на сите јазици застапени во градинките*

Во 10 градинки продолжи да се пилотира програмата за инклузија во рамки на која направена е програма за алтернативна аугментативна комуникација.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во предучилишните установи"** предвидени се 3 мерки со рок на реализација до 2025 година:

1. Подобрување на компетенциите на кандидатите за воспитувачи и негуватели
   **Индикатори:** *Реакредитирани студиски програми за воспитувачите; Акредитирани обуки за негувателите*

Преку Проект за унапредување на социјалните услуги (финансиран со заем од Светска банка), Компонента 2: Проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на предучилишните услуги се работи на системот за иницијално образование за воспитувачи за предучилишна возраст. Се изготви Ситуациона анализа за иницијално образование како и

Концепт за реформирање на системот со акционен план и финансиска анализа. Доставена е и Предлог програма за промена на иницијално образование на воспитувачи. Целта на програмата е да се направи усогласување на основните предмети на кадарот/воспитувачите, усогласување на профилот и зголемување на часовите за пракса на студентите.

2. Воведување и разработување на систем за професионален развој и напредување во кариерата за воспитувачите во предучилишните установи и останатите вработени
   **Индикатори:** *Воведен и разработен систем за професионален развој и напредување во кариерата; Усвоена програма за професионален развој на негувателите, воспитувачите, стручните служби и раководните лица; Даватели кои се акредитирани да даваат обуки за професионален развој на лицата вработени во предучилишните установи; Вклучени 50% од воспитувачите и негувателите во програми за професионален развој*

<u>**Преку Проектот за унапредување на социјалните услуги (финансиран со заем од Светска банка)**</u> во рамки на Компонента 2, поткомпонента 2.2 „Обуки за развој на професионални компетенции на воспитувачите во установите за згрижување и воспитување на деца професионален развој на воспитувачите од предучилишна возраст", во 2023г. започна имплементацијата на третиот модул со основна тема „*Околина на учење и инклузија*". Истиот има за цел да ги опфати сите воспитувачи, стручен кадар и менаџмент (директори) на градинките (околу 1500). Обуките отпочнаа во ноември 2023, до крајот на 2023 година се опфатени околу 142 воспитувачи и стручен кадар и 60 директори.

<u>**Министерството за труд и социјална политика во соработка со УНИЦЕФ во извештајниот период преку ЕДУЛЕНД**</u> - Асоцијација и консалтинг на едукатори и заедници за учење, реализираа обуки и за негователите од детските градинки со наслов „Градење на капацитети на негователи во предучилишните установи". Учесниците имаа можност да се запознаат со важноста на социо-емоционалното учење на децата во раниот развој, да ја разберат основата на невронауката и ефектите од стресот кај децата, како и да научат и применат техники, алатки и стратегии за унапредување на социјалното и емоционалното учење кај децата и надоградување и напредок на практичните искуства во работата и примената со децата.

<u>**Во извештајниот период во фаза на реализација е и проектот преку ИПА – 2017 „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа" (Raising the quality of pre-school education and care).**</u> Главна цел на проектот е подобрување и подигнување на квалитетот на предучилишното воспитание и образование.

Активности предвидени со проектот се структурирани во 3 компоненти:

1. Модернизација на професионален и кариерен развој на вработените во предучилишните установи;
2. Ревизија на моделот на (ре) лиценцирање на вработените во предучилишните установи;
3. Зајакнување на вклученоста на родителите во предучилишното образование и грижа, особено за децата во ризик

Проектниот тим со поддршка од работната група и практичарите од детските градинки, ги дефинираа стандардите на квалификации и компетенции за директори, негователи, стручни работници и стручни соработници вработени во градинки и се изработи методологија, процедури и инструменти за управување со професионалниот развој, како и механизми за обезбедување одржлива финансиска поддршка за професионален развој на вработените во дејноста за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст.

**Во подактивноста 3.1.2**: Развој на план за значајно активно учество на семејствата во предучилишното образование на нивните деца, со акцент на поттикнување на вклученоста на семејства од ранливи категориим реализирани се полудневни настани - 10 информативни сесии за раководниот кадар(директори и раководители)и стручната служба(стручни работници и соработници) на тема: „Презентација на добри практики за вклучување на родителите“.

**Во подактивноста 3.2.2**: Поддршка на детските градинки во имплементација на развиените програми, во рамки на петнаесет (15) детски градинки **п**рактичарите се стекнаа со знаења и вештини за решавање различни проблемски ситуации во работата со деца преку соработка со родителите; знаења и вештини како да се подобри толеранцијата кон различностите, како што се попреченоста и полот и прифаќањето на мултикултурализмот во работата со децата и родителите и знаења и вештини за примена на програмите за родители како и споделување на практични совети за имплементација.

**Во подактивноста 3.3.2**: Обезбедување техничка поддршка во формирање или унапредување на работата на центрите за советување на родителите, реализирани се четири (4) дводневни обуки и супервизија за стручните профили од центрите за советување на родители и деца при детските градинки. Обуките се спроведени во десет (10) градинки на територија на РСМ со учество на 60 учесници од редот на стручните профили кои се дел од советувалиштата за родители и деца.

3. Ревидирање на системот за издавање на лиценци на негувателите, воспитувачите, стручните работици, стручните соработници и раководните лица во предучилишните установи
   **Индикатори:** *Нов систем за лиценцирање којшто содржи ревидирани предуслови за поднесување барање за лиценца, изменета содржина и процедури на испитите за добивање лиценца и услови за суспендирање на лиценцата; 50% од вработените во предучилишните установи поминале низ новите процедури за добивање или продолжување на постојните лиценци*

Во тек е подготовка на законска рамка за регулирање на професионалниот и кариерниот развој на вработените во детски градинки и подготовка на тендерска документација за ангажирање ИТ компанија којшто од технички аспект ќе овозможи надополнување на базата на податоци за предучилишно образование заради олеснување на процесот на релиценцирање и евидентирање на професионален и кариерен развој, како и изработка на онлајн каталог на акредитирани програми и даватели на обуки и услуги за стручните лица.

Во тек е изработка на Стратегија за комуникација и видливост за промовирање на новиот систем за професионален и кариерен развој на вработените во детските градинки.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со предучилишното воспитание и образование и зајакнување на соработката"**, предвидени се 2 мерки со рок на реализација 2020 година, но продолжија да се имплементираат и во 2023 година:

1. Воспоставување механизам за вистинско вклучување на семејството и заедницата во планирањето и спроведувањето на воспитно-образовната работа и управувањето со предучилишните установи
   **Индикатори:** *Спроведена анализа на функционалноста од вклучувањето на родителите во процесите за управување со образованието во предучилишните установи; Воспоставен оперативен механизам за вклучување на родителите и претставници од заедницата во процесите за управување со образованието во предучилишните установи; Одобрени насоки за спроведување на горенаведениот механизам*

Преку ИПА проектот „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа" се започна и со организирање на фокус групи со директори, членови на Управните одбори на детските градинки, како и со членови на Родителските совети за анализа на функционалноста на вклученоста на семејствата во работата и носењето одлуки во детските градинки. За мислење и коментари за овие теми ќе бидат прашани и различни претставници на локалните заедници, од општински институции кои работат со деца и семејства (институции за социјална заштита, здравствени институции, локални невладини организации итн.).

2. Зајакнување на соработката и градење партнерство со родителите преку предучилишниот образовен систем
   **Индикатори:** *Програма за подобрување на педагошката култура на родителите; Програма пилотирана во 10 градинки*

Во 10 градинки се пилотира програмата за вешто родителство, која ја спроведуваат 20 стручни работници од советувалиштата, кои беа обучени од тимот на Вешто родителство (Mellow Parenting) од Шкотска. Програмата за вешто родителство пред се им овозможува на родителите да размислуваат за себе, и потоа за влијанието на изборите кои ги имаат направено врз нивната релација со детето. Истата програма се спроведува и преку психолозите од Националната линија за родителство. Досега се обучени над 100 родители на деца на возраст 0-5 години.

## 2.2. ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ)

**Постигнати резултати/исходи во 2023 година од спроведување на мерките и активности од Столб 2:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Солб 2 „Подобрување на содржината на основното образование"** , предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но истите се реализираа или продолжија да се реализираат и во 2023 година:

1. Ревидирање на наставните планови и програми во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување во сите училишта
   **Индикатор:** *Ревидирани и одобрени наставни планови и програми за основно образование коишто ги исполнуваат барањата на Националниот стандард*

Врз основа на Националните стандарди за учениците во основното образование, и Стандардите за интеркултурно образование за секој период од основното образование усвоени во 2021 година, со Решение на министерот бр.12-4729/2 од 2.5.2023 донесен е новиот наставен план за учебната 2023/2024 година. Во месец август БРО подготви и објави Насоки за планирање, организација и реализација на наставата од 1. до 6. одделение во основното образование во учебната 2023/24 година. Донесени се нови (33) наставни програми за шесто одделение, кои заедно со новите (12) наставни програми за третто одделение започнаа да се применуваат од учебната 2023/2024 година. Изработени се и нови наставни програми за седмо одделение кои ќе се применуваат во настава од учебната 2024/2025 година. Новите наставни програми се базирани на компетенции коишто учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред сѐ компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците.
Обучени се 1920 наставници од одделенска настава кои реализираат настава по новите наставни програми за III одделение и одделенски наставници кои досега не ја следеле обуката за новата Концепција и новите наставни програми.

Обучени се и 3597 предметни наставници за реализација на наставата според новите наставни програми во шесто одделение, Обуките беа организирани поодделно за секој наставен предмет согласно наставниот план за шесто одделение.

2. Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вонаставните активности според слободниот избор на учениците
   **Индикатор:** *Ревидирани и одобрени Програми за изборните предмети*

Продолжи етапната примена на Водичот за слободни изборни предмети во основното образование, донесен во 2021 г.. Согласно новата Концепција за основно образование, самото

училиште прави листа на изборни предмети согласно интересите на учениците, со што се овозможува нивен слободен избор. Во 2023 година од стрна на БРО одобрени се 9 нови наставни програми подготвени од наставниците од основните училишта за четврто и петто одделение, 16 нови наставни програми за шесто одделение и 2 наставни програми за слободните изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети (Театарот, уметност на емоции и Готвење).

3. Ревидирање на учебниците такашто ќе одразуваат родова еднаквост, почитување на различностите, мултикултурните и демократските вредности
   **Индикатор:** *Ревидирани учебници за сите предмети*

Согласно новите наставни програми за трето и шесто одделение изработени се целосно нови учебници. Содржината на учебниците е разбирлива за учениците, а целта е преку активности да се воведуваат во наставната материја и да ги разберат аспектите на родова еднаквост, интеркултурализмот, инклузијата, заштитата на животната средина, почитувањето, правата и слично. Истовремено овие учебници овозможуваат поинаков пристап во наставата, им овозможуваат на учениците учење со разбирање кое помага во развој на критичкото размислување и креативноста и ги зголемува компетенциите на знаењата, способностите, вештините и ставовите. Учебниците се испечатени и доставени до сите училишта. Започната е постапка за изработка на нови учебници за седмо одделение кои ќе се применуваат во настава од учебната 2024/2025 г.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование"** предвидени се 6 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2023 година:

1. Приспособување на зградите на основните училишта за ученици со физичка попреченост
   **Индикатор:** *Целосно приспособени згради на најмалку 10 основни училишта за инклузија на учениците со физичка попреченост*

Во 2023 реновирани се 10 основни училишта во насока на обезбедување на услови за инклузија на ученици со физичка попреченост (обезбедување на пристапна рамна, лифт и/или адаптација на тоалети/санитарии):

- ООУ„Елпида Караманди", Битола (изведба на санитарии за лица со посебни потреби)
- ООУ„Св Наум Охридски " - с.Пештани (изведба на санитарии за лица со посебни потреби)
- ПООУ„Ристе Ристевски" с.Могорче, Дебар (изведба на пристапна рампа)
- ООУ„Форино" во с.Форино, Гостивар (изведба на санитарии за лица со посебни потреби)
- ООУ „Васил Главинов" Чаир, Скопје (изведба на санитарии и пристапна рампа за лица со посебни потреби)
- ООУ „Мирче Ацев" с. Лажани, Долнени (изведба на санитарии и пристапна рампа)
- ООУ „Кирил и Методиј" во с.Ораовица, Радовиш (реконструкција на санитарии, пристапни патеки и рампа)
- Надградба на училиштен објект на ОМУ „Боро Џони", Струмица (објектот е приспособен односно пристапен за лица со посебни потреби)
- ОУ со Ресурсен центар „Маца Ѓорѓиева Овчарова", Велес (реконструкција и адаптација на лифт, пристапна рампа и тоалети)

- Изградба на крило за ООУ "Тихомир Милошевски" с. Волково, Општина Ѓорче Петров (објектот е приспособен односно пристапен за лица со посебни потреби)

Дополнително, во 2023г извршено е реновирање од помал обем на 40 од предвидените 118 основни учиишта (изградба на пристапни рампи, реновирање на санитарни јазли и изведба на посебни тоалети за децата со атипичен развој) во рамки на ПЕИП проектот.

2. Подобрување на условите и капацитетите на училиштата за инклузивно образование за децата со посебни образовни потреби
   **Исход:** *Училиштата се инклузивна средина за учениците со посебни образовни потребина кои им овозможуваат целосна поддршка*

За услугата образовна асистенција за ученици со попреченост во Буџетот на МОН за 2023 година обезбедени се повеќе од 390 милиони денари ( во 2022 г. беа обезбедени 286 милиони денари). Во насока на поддршка на учениците со попречност во редовната настава, зголемен е бројот на ангажирани образовни асистенти (820 во учебната 2023/24 споредено со 720 во учебната 2022/23 и 500 асистенти во учебната 2021/22 година), ангажирани од страна на основните училишта со ресурсен центар согласно утврдената реонизација. Министерот за образование и наука ја утврди Програмата за обука за образовни асистенти за 2023г. со број 18-2671/1 од 3.3.2023

Од страна на МТСП. МЗ и МОН донесен е нов Правилник за функционална проценка, објавен во Службен весник бр.9 од 17.1.2023г. Во секое училиште каде што е запишан ученик со попреченост согласно препораките на Комисијата за МКФ, формиран е инклузивен тим за ученикот и изготвен е ИОП или модифицирана програма согласно потребата на ученикот.

Со цел зајакнување на капацитетите на училиштата за инклузивни практики, Бирото за развој на образованието (БРО) во 2022г. акредитираше две обуки на тема „Инклузивно образование во пракса" за стручни соработници и „Инклузија и пристапи во поучување на ученици со попреченост" . Во 2023г. се спроведе вториот циклус на обуки од Каталогот на обуки на БРО.

3. Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштата за цели на инклузија
   **Индикатор:** *Официјално одобрени одредби и методологија на национално и општинско ниво за наменска примена на средствата за учениците со посебни образовни потреби*

Одложена е реализацијата на мерката (новата предлог формула за финансирање на основните училишта).

На 20.2.2023 новата формула за финансирање на основните училишта беше презентирана пред членовите на Комисијата за финансирање на единиците на локалната самоуправа. На средбата присуствуваше и министерот за образование и наука и претставници од Министерството за финансии. Во владина постапка доставена е Информацијата за

воведување нова методологија за распределба на блок дотации по општини за финансирање на основното образование од септември 2023 година, која не е усвоена.

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините на седницата одржана на 27.10.2023 даде согласност на предлог-уредбата за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за основно образование по општини за 2024 година, врз основа на старата методологија (предложена од МОН) со забелешка во наредниот период да се изнајде начин од страна на МФ и МОН за примени на новата методологија/формула.

Започната е изработка на напредна верзија на калкулатор кој ќе биде составен дел на новиот ЕМИС (нов модул) со цел автоматски да ги употребува дел од податоците за пресметка на дотациите и да биде достапен на МОН и на општините. ИТ експерт ангажиран од Уницеф изработи техничка спецификација за вклопување на калкулаторот во ЕМИС со 3 компоненти: 1) Калкулатор за блок дотации, 2) модул за вчитување и обработка на податоците од Ф1 образец, 3) Модул за мониторинг на оптимизацијата (пресметка на индексите за оптимизација). Новиот модул ќе биде развиен во 2024 година.

4. Воведување механизам за финансиска и друг вид поддршка на училиштата со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
   **Индикатори:** *Обезбедени парични грантови за училиштата; вклучени најмалку 30% од основните училишта во кои наставата се одржува на еден јазик во заеднички воннаставни активности со училишта во кои наставата се одржува на друг јазик*

Во насока на подобрување на интеракцијата помеѓу учениците кои ја следат наставата на различен наставен јазик, МОН продолжи со доделување на грантови на училиштата (јавниот повик за учебната 2023/2024 година е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2023г.). Примени се апликации од вкупно 177 училишта (138 училишта во партнерство и 39 училишта самостојно). Доделени се грантови на 76 основни училишта од кои 64 се во партнерство со друго училиште.

Според податоците од Извештајот за планот за мерења на постигањата за подобрена меѓуетничка кохезија во образованието за учебната 2022/23 година, спроведено од Комисијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието, се забележува мало намалување на вкупниот број на учества во воннаставни активности, од 39.107 на 37.681. Од прегледот на податоците за организирање на заеднички воннаставни активности, активностите за меѓуетничка интеграција во образованието се реализирале во балансирани групи на ученици според пол.

Во 2023г. се спроведе вториот циклус на обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој акредитирана е обука на тема „Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта" со што наставниците имаат можност да ја изберат и следат оваа обука во нивниот професионален развој.

На 11.12.2023г. на јавен настан промовирани се наодите од Истражувањето за перцепциите, мислењата и ставовите за меѓуетничката интеграција и кохезија во основното и средното

образование во Северна Македонија, изработен со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ. Извештајот со наодите е објавен и на веб страната на МОН.

5. Воспоставување одржлив модел за продолжување (завршување) на основното образование од страна на децата во воспитно-поправните домови
   **Индикатори:** *Обезбедена финансиска поддршка за спроведување образование во воспитно-поправните домови; 50% од децата без основно образование сместени во воспитно-поправните домови вклучени се во основно образование*

Во насока на обезбедување услови децата сместени во воспитно-поправните домови да го продолжат (завршат) основното образование, во учебната 2023/24 година, наставата во КПД Волковија се изведува со наставници од ООУ за возрасни „Антон Сејменович Макаренко", а се финансира преку УНДП.

Подготвени се измени на Законот за основно образование, со кои се уредува ООУ за возрасни да стане државно училиште преку кое ќе се спроведува наставата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Измените на законот се утрдени од страна на Владата и доставени во собраниска процедура на усвојување.

6. Воведување на одржлив модел за идентификација на училишни обврзници кои се надвор од училиштата во основното образование и нивно следење до завршување на задолжителното образование
   **Индикатори:** *Избран и одобрен модел за идентификација на училишни обврзници во основно образование надвор од образовниот систем; Обезбедување на стипендии за училишни обврзници од социјално загрозени семејства за упис во основно училиште*

Образовните медијатори ангажирани од МОН, работеа на терен во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение. За учебната 2023/2024 ангажирани се 40 образовни медијатори (во учебната 2022/2023 беа ангажирани исто 40 медијатори, а во учебната 2021/2022 вкупно 35 медијатори). Од страна на основните училишта се користеа иструментите за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование.

Со позитивна одлука за остварување додаток за образование (согласно Законот за заштита на деца, право на додаток за образование има домаќинство со дете кое е на редовно школување во основно или средно образование во училишта во Република Северна Македонија чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до 6.800 денари) во 2022 се: 21.928 ученици во основно образование и 5.732 ученици во средно образование.

Во рамки на PEIP проектот изработена е предлог пилот програма за помош и поддршка на учениците од основните училишта, кои поради пандемијата со КОВИД-19 не биле во можност или имале потешкотии да ја следат онлајн наставата или наставата со физичко присуство, по

предметите мајчин јазик и математика, а со цел пополнување на празнините во знаењето по овие предмети и да се спречи ниven одраз во понатамошните образовни нивоа. Планирано е програмата да започне да се спроведува во три пилот општини, по што ќе следи анализа на постигнатите резултати и потоа дефинирање на системско решение и имплементирање на национално ниво. За таа цел започната е постапка за измена на Законот за основното образование за исплата на туторите.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на условите за учење и квалитетот во остварувањето на основното образование"**, предвидени се 5 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2023 година:

1. Оптимизирање на бројот на ученици кога се формираат нови паралелки во I одделение
   **Индикатор**: *Бројот на ученици по паралелка не надминува 30*

Издадени се согласности за новофинансирање на наставен кадар за прво одделение (29 нови одделенски наставници) за намалување на учениците во паралелка од 20 до максимум 30 ученици, со што од учебната 2023/2024 година исполнета е законската обврска за учениците од прво, второ, трето, четврто и петто одделение (сукцесивно воведување од учебната 2019/2020 година).

2. Зголемување на бројот на училишта со модерни услови за остварување на образовниот процес, воведена ИБ Програма, како и безбедна училишна средина (пр. училишна кујна, спортска сала, спортско игралиште, тоалети итн.)
   **Индикатори**: *Реконструирани 30 училишта; Воведена ИБ Програма во 3 основни училишта, Реновирани 20 училишта со подобрени терени, сали и игралишта; Опремени 15 училишта со помошни технологии и уреди; 50 училишта имаат опремени и функционални кабинети и нагледни помагала за сите предмети (за период 2020-2025)*

Во 2023 година завршени се со изградба 3 нови училишни објекти (ново училиште во Визбегово, о.Бутел, изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Беровски" нас Хром, о.Ѓорче Петров и нов училишен објект ПУ во с. Согле, Чашка). Две училишта се во фаза на доградба и надградба (училишен објект во с.Долно Јаболчиште, Чашка и ОУ „Александар Урдаревски", Чучер Сандево).

Завршена е и реконструкцијата на вкупно 65 училишни објекти, а започната е реконструкција на уште 24 основни училишта.

Во завршна фаза на изградба е една училишна спортска сала во ООУ Нури Мазари – с. Делгожди, Општина Струга. По однос на добиениот грант од Банката за развој при Советот на Европа, за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта, во четвртиот квартал на годината започна етапна реконструкција односно реконструкција на 10 сали.

Во рамки на PEIP проектот набавени се наставни и нагледни средства за општествени науки (историски карти, географски карти, мапи, глобуси и сл.) за потребите на основните училишта. Заклучно со месец декември спроведена е дополнителна набавка за наставни и нагледни средства за едно ново училиште (интерактивни табли, компјутери, опрема за спортска сала и наставно-нагледни средства за изведување настава во основно образование од подрачјата биологија, хемија, географија).

На 208-та седница на Владата одржана на 14.12.2023 г., Владата донесе Одлука за распределба на средства од Буџетот на МОН за 2023 г. во вкупен износ од 380.000.000 мкд, кон општините за капитални инвестиции и тоа на о.Аеродром за доградба и надградба на ООУ Блаже Конески, на о.Кисела Вода за за изградба на ООУ Климент Охридски во с. Драчево, на о.Гази Баба за изградба на ново основно училиште Крсте Мисирков, и на о.Охрид за реконструкција и адаптација на простор за нова училишна зграда за потребите ООУ Кочо Рацин и за изградба на училишна спорстка сала во ООУ Ванчо Николески с. Лескоец.

ИБ Програмата продолжи да се спроведува во едно основно училиште: ООУ Браќа Миладиновци, Скопје.

3. Воспоставување систем за професионална ориентација во сите училишта преку стручните служби
   **Индикатор:** *Достапни неопходните средства и алатки за професионална ориентација за сите основни училишта (психолозите во училиштата се снабдени со тестови за способности)*

Програмата за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение е донесена во месец октомври 2020 г. (бр. 12-11595/1 од 20.10.2020г.) и континуирано се спроведува од страна на училиштата. Не се развиени алатки/инструменти за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците.

Во Каталогот на обуки на БРО акредитирана е програма за наставниците на тема Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.) и програма за стручните соработници на тема: Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој. Во четвртиот квартал од 2023 се спроведе вториот циклус на обуки (првиот циклус е спроведен во 2022г.)

4. Осовременување на системот за обезбедување контрола на квалитетот
   **Индикатори:** *Осовремен систем за обезбедување и контрола на квалитетот*

Од страна на Државниот испитен центар изготвен е предлог Извештај врз основа на анализата/обработката на податоците од државното тестирање за трето одделение спроведено во месец јуни 2022. Извештајот со препораките е промовиран на стручна расправа одржана во месец јануари 2024 г.

Повеќе од 30 вработени и надворешни соработници на ДИЦ поминаа обуки за креирање на тест прашања, анализа на податоци, утврдување на нивоа на постигнување, оценување на тест прашања поврзани со пишување Вработените во ДИЦ поминаа обуки за користење на статистички пакети (SPSS), за примарна и секундарна анализа на резултати од државно тестирање, обуки за користење на Conquest - софтверот за анализа на одговорите по тест прашање (Item response theory - IRT).

Во месец октомври 2023г. реализирано е преттестирањето (пробно тестирање) за петто одделение.

Изготвена е нова *Рамка за квалитет и нови индикатори во четири подрачја, од страна на Државниот просветен инспекторат,* Изготвени се предлог Водич за подготвување, реализација и следење на развојна програма на училиштето, Оперативен прирачник за имплементација на грант-програма за унапредување на квалитетот на работата на основните училиштата и предлог Водич за самоевалуација, кој треба да им служи на училиштата при спроведување на самоевалуацијата и пишување на извештајот за самоевалуација. 11-те пилот училишта ја спроведоа постапката за самоевалуација, усогласена со новите индикатори за квалитет, а во месец октомври аплицираа за грант со нови развојни програми врз основа на што им беше одобрен грант.

5. Обезбедување учество на Република Македонија во меѓународните студии ТИМСС и ПИСА
   **Индикатори:** *Организирана и реализирана ТИМСС студија, Организирана и реализирана ПИСА стидија*

TIMSS 2023 започна во месец април 2023, и до крај на наставната година тестирани беа околу 4900 ученици на македонски и на албански јазик од 150 основни училишта. Извршено е оценување на тестовите и испратени се во базата на IEA. Во тек е анализа на податоците од страна на IEA. Резултатите ќе бидат објавени на 4.12.2024г.

Резултатите од спроведеното тестирање PIRLS 2021 се објавени во месец мај 2023 од страна на IEA.

На 5.12.2023 од страна на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) објавени се резултатите од ПИСА 2022, тестирањето. Со минимална разлика, резултатите за Северна Македонија го задржаа нивото кое беше измерено во 2018 година. Од вкупно 81 држава кои беа дел од тестирањето, со постигнати 389 поени, нашата земја е на 61-то место според резултатите по математика. Со постигнатите 359 поени при мерењето на јазичната писменост, односно читање со разбирање, рангирани сме на 71-то место, додека по природни науки нашите ученици постигнаа 380 поени, што ја рангира државата на 68-то место во Европа.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2023 година :

1. Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор/стручен соработник-советник)
   **Индикатори:** Вклучени 50% од наставниците во процесите за професионален и кариерен развој; Акредитирани програми од БРО; Унапредени 0,5% од наставниците во ментори и советници

Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година (Службен весник бр. 97/2023 од 9.5.2023г.)

Во месеците јули и август се спроведе втората фаза на обуки на настаници и стручни соработиници од Каталот на акредитирни програми, во која беа вклучени 17.200 наставници и 1.100 стручни соработници, што е 90,3 % од вкупниот број на наставници во основното образование, со што е надминат предвидениот индикатор од 50%. Обуките се реализираа на македонски, албански и турски јазик. Тимови на советници од БРО ја следа реализацијата на акредитираните обуки и пополнуваа Формулар за следење и вреднување на обука кој се однесува на квалитетот на реализација на обуките од аспект на содржината на обуката, квалитетот на работата на обучувачот и организацијата на обуката.

Обучени се 1920 наставници од одделенска настава кои реализираат настава по новите наставни програми за III одделение во учебната 2023/2024 и одделенски наставници кои досега не ја следеле обуката за новата Концепција и новите наставни програми.

Обучени се и 3597 предметни наставници за реализација на наставата според новите наставни програми во шесто одделение, Обуките беа организирани пооделно за секој наставен предмет согласно наставниот план за шесто одделение.

Во ноември. се спроведе обука за користење на алатката TEACH (следење на квалитетот на наставата во основното образование) за советници од БРО, ДПИ и ДИЦ. Освен обука за користење на алатката, обучените лица од БРО, ДИЦ и ДПИ следеа курс за обучувачи, со цел обучување на нови лица од соодветните институции.

Во 2023 година во звање ментор се унапредени 46 наставници од основните училишта (вкупниот број на наставници-ментори изнесува 250, што е 1,3% од вкупниот број на наставници, со што и овој индикатор е надминат).

На 146-та седница на Владата, одржана на 11.4.2023 утврден е текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници. Законот е доставен во собраниска постапка на донесување (115-та седница на Собранието).

2. Зајакнување на стручните служби во училиштата со сите неопходни профили и ревидирање на нивните работни обврски согласно професионалните компетенции
   **Индикатори:** Одобрени норми за бројот и видот на вработени во стручните служби во основните училишта; Целосно екипирани стручни служби во 70% од училиштата во согласност со нормите (за период 2020-2025)

Во 2022 донесен е нов Правилник за норматив за стручните соработници во основните и средните училишта.

Во учебната 2023/2024 година стручните служби во основните училиштата се зајакнати со 26 нови вработувања (10 педагози, 3 психолози, 8 специјални едукатори и рехабилитатори, 1 социјален работник, 3 библиотекар и 1 логопед).

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5 „Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование"** предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување механизам за пилотирање и вреднување на иновациите во основното образование и определување средства за поддршка на механизмот
   **Индикатори:** Оперативен механизам за пилотирање и проценка на иновациите

Во рамки на Проектот за унапредување на основното образование, финансиран со заем од Светска банка, креиран е механизам за доделување на грантови на училиштата за унапредување на работењето, врз основа на резултатите од самоевалуацијата. Грантовите се доделија на 11 училишта (кои беа вклучени во пилотирањето на новите индикатори за квалитет и новиот процес на самоевалуација и развојно планирање).

## 3.ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (гимназии, уметнички училишта и училишта за ученици со посебни образовни потреби)

**Постигнати резултати/исходи во 2023 година од спроведување на мерките и активности од Столб 3:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Столб 3 „Подобрување на содржината на средното образование"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Изработување и воведување на Национален стандард за средното образование
   **Индикатор:** *Одобрен Националниот стандард за средно образование врз основа на Националниот стандард за основно образование, со јасно определени резултати од учење и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на различностите (во смисла на полот/родот, етничката припадност, верата, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократската култура*

Во текот на 2022г. Работна група составена со претставници од МОН, БРО, ЦСОО, УНДП и други релевантни институции и граѓански организации, изготви нов предлог Закон за средно образование, во кој е уреден и законски основ за изработка и донесување на Национални стандарди за средното образование. На 19.12.2022г. официјално започна јавната расправа по предлог Законот со цел вклучување на мислењето и забелешките од сите засегнати страни.

По спроведената јавна расправа во текот на 2023г. новиот предлог Закон за средно образование е доставен во владина постапка на утврдување и истиот е утвден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г. Законот е доставен до Собранието на РСМ за усвојување. Во Законот е уреден основ за донесување на национални стандарди за постигањата на учениците во средно образование (по примерот во основно образование)

Националните стандради за интеркултурно образование, во средно образование се донесени во 2022г. (со решение на министерката за образование и наука бр.13-459/2 од 13.1.2022 г.)

2. Ревидирање на наставните планови и програми во согласност со Националниот стандард
   **Индикатор:** *Одобрени наставни планови и програми кои ги исполнуваат барањата на Националниот стандард*

Наставните планови и програми за средно образование ќе бидат ревидирани и/или изработени нови по донесување на Националните стандарди за средно обраозвание. При нивна изработка ќе бидат земени предвид и Националните стандради за интеркултурно образование.

3. Ревидирање на учебниците според Националниот стандард и наставните програми
   **Индикатори:** *Ревидирано законодавство за изготвување и објавување на учебници; Извршена анализа на недостатоците на постоечките учебници; Објавени сите нови учебници коишто се неопходни за I година од општото средно образование*

Со цел подигнување на квалитетот на содржината на учебниците како и подобрување на процесот на откуп и одобрување на учебници во основното и средното образование Министерството и Педагошката служба иницираа процес за изработка на нов Закон за учебници за основното и средното образование. На 20.1.2023 г. на веб страната на МОН објавен е повик до сите заинтересирани, да го разгледаат постојното законско решение, кое е основа за изработка на нов закон и да дадат свои сугестии и предлози на електронската адреса kabinetmon@mon.gov.mk, најдоцна до 28.02.2023 година. На 9.3.2023 во просториите на МОН се одржа состанок на Работната група составена од претставници на повеќе институции и чинители на воспитно – образовниот процес, која започна да ја изготвува првата нацрт верзија на новиот Закон за учебници во основното и средното образование.

Нови учебници за I година од општо средно образование ќе бидат изготвени по донесување на нови наставни програми.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста меѓуетничката интеграција во средното образование"**, предвидени се 4 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2023 година:

1. Подобрување на условите на средните училишта за еднаков пристап на сите ученици

**Индикатор:** *Целосно приспособени најмалку пет средни училишта за инклузија на учениците со физичка попреченост*

Во 2023 реновирани се две средни училишта во насока на обезбедување на услови за инклузија на ученици со физичка попреченост (обезбедување на пристапна рамна, лифт и/или адаптација на тоалети): ДУРЦ ССОО "Киро Бурназ"-с.Долно Коњаре, Куманово и ОСУ „Мирко Милевски",Кичево (изведба на надворешен лифт и пристапни рампи)

2. Воспоставување механизам за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во редовното средно образование
   **Индикатор:** *Воспоставена процедура за носење одлуки за вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовните средни училишта*

Изработен е нов предлог закон за средно образование, утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г. во кој е целосно уредена постапката за инклузија на ученици со попреченост во редовните средни училишта (вклучително и образовната асистенција, која ќе биде покриена од Буџетот на МОН). Законот е во собраниска процедура на усвојување.

Во сите средно училишта формирани се инклузивни тимови. Во регионалните центри за стручно образование и обука во Охрид, Куманово и Тетово, во соработка со УНДП реализирани се обуки на инклузивните тимови во овие училишта.

Зголемен е бројот на доделени стипендии на ученици со попреченост вклучени во средното образование (164 стипендии за учебната 2023/2024 споредено со 120 стипендии во учебната 2022/2023 година).

3. Воведување механизам за финансиска и друг вид поддршка на училиштата со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
   **Индикатори:** *Обезбедени парични грантови; Вклучени најмалку 30% од средните училишта во коишто наставата се одржува на еден јазик во заеднички вонннаставни активности со училишта во коишто наставата се одржува на друг јазик; Организирани воннаставни активности во најмалку 80% од училиштата во кои наставата се одржува на повеќе јазици*

Во насока на подобрување на интеракцијата помеѓу учениците кои ја следат наставата на различен наставен јазик, МОН продолжи со доделување на грантови на училиштата (јавниот повик за учебната 2023/2024 година е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2023г.). Примени се апликации од вкупно 177 училишта (138 училишта во партнерство и 39 училишта самостојно). Доделени се грантови на 25 средни училишта од кои 20 се во партнерство.

МОН (Комисијата за меѓуетничка интеграција во образованието) во текот на месец септември спроведе прашалник во основните и средните училишта за собирање на податоци за спроведени активности за меѓуетничка интеграција на училиштата во 2022/2023 година, врз основа на кои изработен е сумарен извештај со наоди и препораки. Според податоците од Извештајот се забележува мало намалување на вкупниот број на учества во воннаставни

активности, од 39.107 на 37.681. Од прегледот на податоците за организирање на заеднички воннаставни активности, активностите за меѓуетничка интеграција во образованието се реализирале во балансирани групи на ученици според пол.

На 11.12.2023г. на јавен настан промовирани се наодите од Истражувањето за перцепциите, мислењата и ставовите за меѓуетничката интеграција и кохезија во основното и средното образование во Северна Македонија. Извештајот со наодите е објавен и на веб страната на МОН.

4. Воспоставување одржлив модел за продолжување (завршување) на средното образование од страна на учениците во воспитно-поправните домови
   **Индикатори:** *Избран и одобрен модел; Обезбедена финансиска поддршка за воспитно-поправните домови; Вклучени 30% од учениците во воспитно-поправните домови со завршено основно образование во средно образование*

Во новиот предлог Закон за средно образование, утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г. уредено е дека средното образование во казнено-поправни и воспитно-поправни установи, го реализира регионален центар, преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано. Начинот на организирање на наставата ќе го утврди министерот, на предлог на Бирото и Центарот. Законот е во собраниска процедура на усвојување.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта"**, предвидена се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година, од кои едната е завршена во 2020 („зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници", за што е референцирано во извештајо од 2022г.):

1. Операционализирање на воспоставениот систем за професионален развој и напредување во кариерата за наставниците
   **Индикатор:** *Одобрени програми за обука во рамки на училиштата; Законски воведен и операционализиран систем за професионален развој и напредување во кариерата на наставниците до 2025г.*

Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година (Службен весник бр. 97/2023 од 9.5.2023г.)

Врз основа на Меморандум за соработка со Британски совет за професионален развој и обука на 500 наставници по англиски јазик од основните и средните училишта во земјата, во месец јануари започнаа обуките (прв циклус). На 26.9.2023 објавен е нов повик за онлајн обука (втор циклус) на нова група на наставници по англиски јазик од јавните основни и средни училишта Повикот е објавен во рамки на проектот Future English Online Teacher Community, Обуката започна на 30.10.2023 и траеше до 31.3.2024

Во вториот квартал МОН и УНИЦЕФ организираа работилници за јакнење на компетенциите на стручните соработници во училиштата (осум работилници во Охрид, Битола, Тетово, Куманово, Велес, Струмица и две во Скопје, во кои беа вклучени повеќе од 500 стручни соработници). Целта на работилниците беше да се изгради заеднички одговор на последните случувања (насилство) и да се поттикне отворен разговор и клима на поддршка во училиштата.

БРО спроведе постапка за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во средните училишта во Република Северна Македонија.

Не е објавен Повик за кариерно унапредување на наставниците во средно образование (процесот ќе започне по донесувањето на новиот Закон за средно образование).

2. Целосно екипирање на стручните служби со сите неопходни кадри, во согласност со потребите на училиштата (застапените наставни јазици и бројот на учениците)
   **Индикатор:** *Целосно опремени стручни служби во сите училишта, со рок до 2025*

Во учебната 2023/2024 година вработени по основ на ново финансирање се 4 лица, стручни соработници: 1 специјален едукатор и рехабилитатор и 3 психолози.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на условите за учење и на квалитетот на образованието"**, предвидени се 5 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Оптимизирање на организацијата на работата на училиштата и организирањето на часовите
   **Индикатор:** *Спроведено целосно мапирање на средните училишта со утврдени можности за оптимизирање и проширување на објектите; бројот на ученици по паралелка не надминува 30; Учебниците и учебните помагала се постојано достапни за бесплатно користење на интернет*

Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2023 г. (Службен весник бр.27/23 од 8.2.2023). Во 2023 г. реконструирано е едно средно училиште, а започната е реконструкција на уште шест.

Во предлог текстот на новиот Закон за средно образование, утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г., уреден е и максималниот број ученици по паралелка (до 30). Оваа одредба ќе започне да се применува по усвојувањето на законот, за генерацијата на ученици кои се запишуваат во прва година во средното образование и ќе се воведува сукцесивно секоја наредна учебна година.

2. Зајакнување на функционирањето на ученичките тела на ниво на училиште
   **Индикатор:** *Зголемена е демократската партиципација на учениците во училиштата*

Во предлог текстот на новиот Закон за средно образование, утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г., уредено е учеството на ученичките тела во училиштата, односо ученичкото организирање на ниво на класни заедници и ученички совет. Со законот е уредено и организирањето на Сојуз на средношколци (Глава XII)

3. Осовременување на системот за обезбедување контрола на квалитетот
   **Индикатор:** *Осовремен систем за обезбедување контрола на квалитетот; повратните информации од сите оценувања на успехот на учениците овозможуваат да се носат одлуки за политиките врз основа на докази*

Во предлог текстот на новиот Закон за средно образование, се предвидува осовременување на системот за обезбедување на квалитет (самоевалуција, интегрална евалуација, национално тестирање и меѓународни тестирања). Законот е утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г. и е доставен во собраниска процедура на усвојување.

Државен испитен центар изготви и објави Извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура 2022/2023 година.

4. Обезбедување учество на Република Македонија во меѓународната студија ПИСА
   **Индикатор:** *Организирана и реализирана студијата ПИСА*

На 5.12.2023 од страна на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) објавени се резултатите од ПИСА 2022, тестирањето. Со минимална разлика, резултатите за Северна Македонија го задржаа нивото кое беше измерено во 2018 година. Од вкупно 81 држава кои беа дел од тестирањето, со постигнати 389 поени, нашата земја е на 61-то место според резултатите по математика. Со постигнатите 359 поени при мерењето на јазичната писменост, односно читање со разбирање, рангирани сме на 71-то место, додека по природни науки нашите ученици постигнаа 380 поени, што ја рангира државата на 68-то место во Европа.

5. Основање на Центар за талентирани ученици
   **Индикатор:** *Развиени се механизми за идентификување на талентираните ученици; основан е Центар за талентирани ученици со рок до 2025г.*

Во новиот предлог Закон за средно образование, утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г., доуредена е поддршката на талентирани ученици (дополнета е и финансиска поддршка за учество на олимпијади и меѓународни натпревари).

## 4.СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Постигнати резултати/исходи во 2023 година од спроведување на мерките и активности во Столб 4:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Столб 4 „Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот"** предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување на флексибилен и ефикасен механизам за изготвување на Стандарди на занимања и Стандарди за квалификации засновани на резултати од учење, кои ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот
   **Индикатор:** *Изработени нови Стандарди на занимања и Стандарди за квалификации засновани на резултатите од учење според МРК*

До сега се усвоени 364 стандарди на занимања и 110 стандарди на квалификации засновани на резултати од учење/клучни компетенции, кои ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот.

2. Изготвување модуларни наставни програми во согласност со новите Стандарди за квалификации засновани на резултатите од учење
   **Индикатор:** *Изработени, одобрени и воведени модуларни наставни програми (вклучувајќи ги сите неопходни материјали за предавање, учење и оценување) според Стандардите за квалификации и предвиденото стекнување на клучните компетенции*

Изработени се целосно нови наставни програми за средно стручно образование, во соработка со претставниците на бизнис секторот, со цел истите да одговорат на потребите на пазарот на трудот. Новите модуларни наставни програми, во согласност со новите стандарди за квалификации, со изразени резултати од учење, базирани на компетенции и со зголемен процент на практично учење, се воведуваа етапно во сите училишта од учебната 2019/2020 година. Од учебната 2022/2023 година во настава се воведени модуларните наставни прграми базирани на компетенции и во четврта година, со што комплетирана е реформата во четиригодишното средно стручно образование.

3. Воспоставување механизам за утврдување на потребите за квалификации и вештини
   **Индикатори:** *Институционализирана Опсерваторија на вештини со целосен персонал; Најмалку 16 секторски комисии за квалификации одговорни за промовирање и развој на секторот и со посебна улога во утврдувањето на (и советувањето за) потребата од нови квалификации и ревидирање на постојните; Ревидиран Регистар на квалификации за СОО*

Формирани се 12 од предвидените 16 секторски комисии за квалификации (во 2023г. формирани се две нови секторски комисии). Регистарот на квалификации е надграден (во 2022г. ) и е целосно функционален. Опсерваторијата на вештини не е ставена во функција поради потребата од донесување на измени во Законот за високото образование.

Во насока на утврдување на потребите за квалификации и вештини, во првиот квартал од годината под слоганот „Учи паметно, работи стручно" беа организирани средби помеѓу МОН, компаниите и општините за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН и

општините работеа на утврдување кои профили отворени во средните стручни училишта во учебната 2023/2024 година. Средбите беа организирани во соработка со Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија, проектот „Образование за вработување” (E4E@mk), ), имплеметиран од Хелветас Северна Македонија.

Одржани се голем број на работилници/обуки на локално ниво во насока на зајакнување на капацитетите на општините за анализа на потребите на бизнис заедницата при утврдување на квоти за упис во средно образование.

Во тек е реализација на компонента од проектот „ЕУ за млади“ која за однесува на следењето на учениците од завршните класови од средните стручни училишта. Целта е воспоставување систем за континуирано следење на учениците кои завршиле стручно образование, добивање информации за нивното идно образование или вработување и носење одлуки за образовни политики. Во 2023 година се креираа прашалници за учениците/учесниците во завршните години во стручното образование/обука и се поставија на националната платформа е-услуги во посебен сектор креиран наменски за истото. Еден циклус на трејсер студијата содржи три прашалници кои се одговараат од страна на учениците/учесниците на временска дистанца од три месеци. Одговарањето на првиот прашалник/прва фаза е во последниот месец од наставната година. Во месец април 2024 година се реализираа три промотивни настани на кои се презентираа информации од пилот фазата на трејсер студијата. Во тек е изготвување на подобрен прашалник и спроведување на трејсер студијата.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука”**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Обезбедување на неопходните простории, опрема, алатки и материјали на стручните училишта за успешно да се спроведе теоретската и практичната настава
   **Индикатор:** *Најмалку 20 стручни училишта опремени според Стандардите за квалификации и новите норми, со рок до 2025*

Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2023 г. (Службен весник бр.27/23 од 8.2.2023). На 174-та седница на Владата одржана на 25.7.2023 г., Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 г. со која се обезбедени дополнителни 25.354.333 мкд за реконструкција на средни училишта.

Завршена е реконструкцијата на Државното училиште - Регионален центар за средно стручно образование и обука „Киро Бурназ", с.Долно Коњаре, Куманово.

Започната и во тек е реконструкција на 6 училишта: Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески” , Охрид, реконструкција на училишен објект во ОСУ „Мирко Милевски“ и ОСУ „Дрита“ Општина Кичево, реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, реконструкција на ОЕМУЦ

Св.Наум Охридски, Охрид, ДУФК „Методиј Митевски-Брицо“ Центар, Скопје и СМУГС „Панче Караѓозов“ Центар, Скопје.

2. Создавање систем за обезбедување на квалитет (проценка на резултатите од учењето) кој ќе биде компатибилен со ЕКАВЕТ
   **Индикатор:** *Дефиниран системот за контрола на квалитет во СОО; Издавање на додаток на дипломата на сите ученици што завршиле СОО во согласност со МРК*

Во новиот предлог Закон за стручно образование, подготвен во текот на 2022г. во член 15 е уреден додаток на диплома кој гласи: „За стекнато стручно образование за квалификации од II (второ), III (трето) односно IV (четврто) ниво согласно МРК, се издаваат диплома и додаток на диплома, кои имаат карактер на јавни исправи.”.

Системот за квалитет е уреден во членовите 56 и 57 од предлог Законот. Обезбедувањето на квалитет во стручното образование и обука е уредено на ниво на стручно образование и обука и на ниво на квалификации, преку интерна и екстерна евалуација и самоевалуација. Како посебно подрачје на евалуација, при евалуациите се воведува подрачјето „Соработка со пазар на труд“. Законот е утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г. и е во собраниска процедура на усвојување.

3. Воспоставување СОО центри на извонредност
   **Индикатор:** *Воспоставени, целосно опремени и пилотирани пет СОО Центри за извноредност за обезбедување на висок квалитет на СОО*

Завршена е реконструкцијата на Државното училиште - Регионален центар за средно стручно образование и обука „Киро Бурназ", с.Долно Коњаре, Куманово.

Продолжи реконструкцијата на Државното училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески”, Охрид.

Во однос на регионалниот центар во Тетово, на 12.10.2023 објавени се постапки за реконструкција и надзор над реконструкција, согласно Законот за јавни набавки.

Во однос на опремата подготвена е тендерската постапка, која не е распишана во 2023 година (се пчекува во текот на 2024г.).

На 198-та седница на Владата, одржана на 7.11.2023 усвоени се одлуки за основање на два нови регионални центри СОУ „Никола Карев“ Струмица и СОУ ,,Коле Неделковски” Велес, кои стапуваат на сила од 1.1.2024г.

Со поддршка на УНДП, Швајцарската амбасада (Проектот Образование за вработување) и ИПА Проект спроведени се обуки за наставниот и стручниот кадар во регионалните центри.

Избраниот модел за воведување на Регионални центри за стручно образование и обука, на почетокот претставува надградба, односно прераснување на веќе постоечките средни стручни училишта во Регионални ценатри за стручно образование и обука, а во следната фаза да прераснат во Центри на извонредност.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Зголемување на опфатот во стручното образование и обука"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Подобрување на системот за запишување во средно стручно образование
   **Индикатор:** *Во системот за СОО се запишуваат поголем број на ученици што подобро напредуваат во учењето*

Уписната политика за учебната 2023/2024 е креирана преку социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно", во соработка со општините и компаниите. Согласно конкурсот за упис во средите училиѓта се обезбедени 6475 слободни места во 259 паралелки во дуалното стручно образование. За споредба во учебната 2022-2023 отворени се 223 дуални паралелки, во учебната 2021/2022 беа отворени 97 а во учебната 2020/2021 имаше 11.

Во учебната 2023/2024 година, пополнети се 235 паралелки во дуално стручно образование, со вкупен број на запишани ученици во дуално образование 3895 и соработка со 560 компании.

Бројот на ученици запишани во стручно образование споредено со општо образование во учебната 2023/2024 изнесува 67,3 % (64% во учебната 2020/2021, 67 % во учебната 2021/2022, 69% во учебната 2022/2023 година).

Во учебната 2023/2024 година доделени се 1500 стипендии за ученици запишани во паралелки во стручно образование во кои се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (дуално образование) и 500 стипендии за ученици 500 стипендии за ученици од дуалани паралелки од здравствена струка.

2. Редефинирање на матурските испити во средното стручно образование
   **Индикатор:** *Изработен нов Концепт за државна и стручна матура и завршни испити за ученици што завршуваат СОО*

Изработен е нов предлог Концепт за државна, училишна стручна и уметничка матура, како и адемски испит, кој е вграден/уреден во новиот Предлог законот за средно образование (од член 74 заклучно со член 93), утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г. Законот е во собраниска процедура на усвојување.

3. Воспоставување одржлив модел за обезбедување СОО за ученици од воспитно-поправните домови

**Индикатор:** *Обезбедени се услови за вклучување на учениците од воспитно-поправните домови во стручното образование и обука*

Во новиот предлог Закон за средно образование (утврден на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024г.) уредено е дека средното образование во казнено-поправни и воспитно-поправни установи, го реализира регионален центар, преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано. Начинот на организирање на наставата ќе го утврди министерот, на предлог на Бирото и Центарот. Законот е во собраниска процедура на усвојување.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на капацитетите на човечките ресурси"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување и операционализирање на систем за професионален развој и напредување во кариерата за наставниците
   **Индикатори:** *Професионалните компетенции на наставниците постојано се подобруваат; Наставниците се мотивирани да постигнуваат подобри резултати*

Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година (Службен весник бр. 97/2023 од 9.5.2023г.)

Во рамки на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија – Е4Е@мк" развиена е дигитална платформа за обука и професионален развој на наставниците од средните стручни училишта. Платформата ИНОВЕТ (inovet.edu.mk) служи како дигитална база на наставниците во нивниот професионален развој, им овозможува на едно место да добијат информација за обуки и курсеви за стручно усовршување и да можат онлајн да ги реализираат истите. Истовремено, преку е-библиотека, наставниците имаат пристап до материјали за стручно усовршување, а можат и меѓусебно да комуницираат и да споделуваат искуства и инструкции. На платформата, Центарот за стручно образование и обука организира и реализира online обуки наменети за наставниот и другиот стручен кадар во стручното образование. На Платформата поставени се две обуки „Програмирање и планирање на учењето преку работа кај работодавач за паралелка со зголемен број часови по практично образование – појдовни основи" (поставена во 2023г. ) и „Безбедност и здравје при работа" (поставена во 2022г.).

2. Подобрување на системот за лиценцирање на директорите на училиштата за СОО
   **Индикатор:** *Директорите на сите училишта за СОО ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции*

На 26.6.2023 ДИЦ објави известување за почеток на организација и реализација на напредната обука за директори на училишта. За таа цел ДИЦ до градоначалниците и

одговорните за образование во општините достави линк за избор на теми од страна на директорите.

На 11 и 12 ноември 2023 година во Скопје, ДИЦ за првпат започна со реализација на напредните обуки за директори, и тоа две обуки од областа финансии и по една обука од областите воведување на наставниот кадар во воспитно-образовниот процес и дигитална писменост. На обуките беа присутни 85 директори на училишта. На 23.11.2023 објавен е нов Јавен повик за пријавување на директори на напредната обука врз основа на објавена листа од осум обуки.

3. Целосно екипирање на стручните служби
   **Индикатор:** *Образованието и обуките се придружени со целосни стручни служби кои се неопходни за квалитетен процес на учење и развој на учениците*

Во учебната 2023/2024 година вработени по основ на ново финансирање се 4 лица, стручни соработници, 1 специјален едукатор и рехабилитатор и 3 психолози.

## 5.ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ

**Постигнати резултати/исходи во 2023 година од спроведување на мерките и активности во Столб 5:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Столб 5 „Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики"**, предвидени се 3 мерки кои продолжија да се реализираат и во 2023 година:

1. Подобрување на механизмот за акредитација на универзитетите и системот за екстерна евалуација/
2. Воспоставување интерна и екстерна евалуација на работата на органот/те за акредитација и евалуација
   **Индикатори:** *Обезбедување предуслови за ефикасна акредитација и евалуација на високото образование; Донесени се подзаконските акти; Органот/те за акредитација и евалуација е/се членка/и на ЕНКА*

Правилникот за содржината на студиските програми е донесен од страна на Националниот совет, на седницата одржана на 16.11.2023г. (објавен во Службен весник бр. 244/23 од 20.11.2023г.) Прилог бр. 1 на Правилникот е Картата на високообразовната установа според Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, „Сл. весник на РСМ" бр. 256/2022)

На 10.4.2023 на веб страната на Агенцијата за квалитет објавен е Конкурс за избор на странски есперти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми (со рок на пријавување од 30 дена).

На 11.4.2023 на веб страната на Агенцијата објавен е Конкурс за избор на студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми (со рок на пријавување од 30 дена).

По спроведената процедура за избор на веб страната на Агенцијата објавен е Регистар на странски есперти (29 експерти) и Регистар на студенти (10 студенти) за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми.

Во владина постапка доставена е Информација за потребата од отпочнување постапка за вршење на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, со задолжение Одборот за евалуација на високото образование, да формира стурчни комисии и во рок од 30 дена да започне со спроведување на постапки на надворешна евалуација.

Агенцијата за квалитет на високото обраозвание е придружна членка на ЕНКА

3. Намалување на соодносот студент/наставник, со рок на импементација 2020-2025
   **Индикатор:** *Ревидирани правилата за број на запишани студенти на универзитетите; Формирани групи студенти според новите правила; Зголемување на бројот на наставен и соработнички кадар на универзитетите*

Од страна на Владата донесена е Одлука за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во учебната 2023/2024 година (Службен весник бр.138/23) и Одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во учебната 2023/2024 година (Службен весник бр.139/23)

Во текот на 2023 г. обезбедни се согласности за обезбедување на наставно-научен кадар на високообразовните установи, согласно поднесените барања од високообразовните установи.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Унапредување на содржината во високото образование"** предвидени се 4 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година но истите продолжија да се реализираат и во 2023 година:

1. Воведување систем на Стандарди за квалификации заснован на резултати од учење и развивање Стандарди за најприоритетните квалификации
   **Индикатор:** *Усвоен систем за развој и ревизија на Стандардите за квалификации засновани на резултатите од учење; Развиени и одобрени Стандардите за 10% од понудените квалификации*

Во рамки на Твининг проектот „Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК" развиени се три стандарди на високообразовни квалификации, во соработка со високо-образовните установи.

2. Воспоставување систем на континуирана Трејсер студија на дипломираните
   **Индикатор:** *Законски дефинирани принципи на Трејсер студијата за оние кои завршуваат високо образование; Дефиниран оперативен систем на Трејсер студијата на дипломираните; Анализирани информациите од следењето на студентите за секоја претходна академска година*

Не е воспоставен систем на контринуирана трејсер студија на димпломираните студенти

3. Зајакнување на вмрежувањето со странски универзитети
   **Индикатор:** *Вклучени 80% од сите универзитети и/или факултети во мрежи со странски (европски) универзитети или во програмата Еразмус+; 80% од средствата на Еразмус+ определени за Македонија се користат за програми за размена на наставен кадар и студенти*

Високообразованите установи во земјата, континуирано и во текот на 2023 г. остваруваа соработки со странски универзитети врз принцип на билатерална соработка и преку програмите за мобилност во рамки на Еразмус.

Владата на 135-та седниица, го утврди текстот на предлог Законот за ратификација на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан,. Законот е усвоен од страна на Собранието (Службен весник бр.87 од 25.4.2023).

Владата на 194-та седница, го прифати предлог Договор за пристап до студии и прием на висообразовани установи во Западен Балкан (подготвен од страна на RCC) и именуваше преговарач и заменик преговарач од МОН.

4. Воспоставување Опсерваторија на вештини
   **Индикатор:** *Институционализирана и целосно екипирана Опсерваторија на вештини*

Не е воспоставена опсерваторија на вештини (за што се потребни и измени на Законот за високото образование, за воведување на основ за обработка на податоци потребни за опсерваторијата).

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на достапноста и системот за запишување во високото образование"**, предвидена е 1 мерки којс треба да се реализира во периодот 2020-2025 година:

1. Подобрување на условите во студентските домови
   **Индикатор:** *Целосно обновени универзитетски студентски домови во сите градови со најмалку 50% од сите живеалишта*

Завршена е целосно постапката за изградба и опремување на новиот студентскиот дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово. На 1.11.2023 започна сместувањето на студентите.

Во рамки на Проектот за реновирање на студентските домови (енергетски ефикасни) кој се финансира со заем од KfW, заврши втората фаза од меѓународната тендерска постапка за избор на компанија/и за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови. На 29.12.2023 склучен е договор за реконструкција на студентските домови „Стив Наумов“ и „Кузман Јосифовски Питу“, во вредност од 17 милиони евра. Започната е реконструкцијата на СД „Кузман Јосифовски Питу“.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на раководењето и финансирањето на високото образование”**, предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во 2020 година но истата продолжи да се реализира и во 2023 година:

1. Воведување нов систем за финансирање на високото образование заснован на индикатори за завршена работа
   **Индикатор:** *Оперативен механизам за финансирање на универзитетите заснован на бројот на студенти и индикатори за завршена работа*

Продолжија активностите за изработка на Уредбата за новиот модел за финансирање на високо-образовните установи, од страна на Националиот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност, врз основа на анализите и предлог моделот изработени во рамки на СКИЛС проектот финансиран со заем од Светска банка.

На 3.11.2023г. одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на која присуствуваа претставници на владини институции, професори и експерти од областа на високото образование и науката, со која започна процесот на креирање четири стратешки документи, меѓу кои и Уредбата за финансирање на ВОУ

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5 „Поддржување на истражувањата и иновациите”**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Формирање институционален механизам за трипартитна соработка помеѓу државата – академијата – бизнис заедницата
   **Индикатори:** *Воспоставен Совет за наука, иновации и технологии; 10 истражувачки проекти се спроведуваат*

Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност е основан во 2021г.

Врз основа на Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на јавните научни установи од 2021 година, одобрени се вкупно 7

проекти (на 7 јавни научни установи) во вкупен износ од 19 милиони денари, кои се спроведуваа во период од три години (2021-2023).

На 10.10.2023 на веб страната на МОН објавен е Отворен повик за избор на рецензенти кои ќе ги евалуираат реализираните проекти по објавениот Конкурс за финансирање на научно - истражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година ( поддршка за развој на лабораториски ресурси), Во периодот ноември-декември 2023г., претставници од МОН реализираа неколку посети на високо-образовните установи кои добија средства за реализација на проект.

Спроведен е Конкурс за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународно научно списание со фактор на влијание (импакт фактор) во 2022 година (одобрени за финансирање се 361 труд). Конкурс за надомест на средства за објавени научни трудови во меѓународно научно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за оние истражувачи кои платиле средства за објавување на трудот (одобрени и исплатени се 25 апликации) Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2023 година (од доставените 18 прифатени се 16 пријави); Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2023 година (од доставените 79 прифатени се 69 пријави) и Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2023 година (од доставените 9 прифатени се 6 пријави).

Во 2023г. се спроведуваа 14 научно-истражувачки проекти во рамки на билатералната соработка со Австрија (двегодишни проекти одобрени за периодот 2022-2023 година), а одобрени се за финансирање нови 17 проекти за периодот 2024-2025 година.

2. Подобрување на механизмот за утврдување на приоритетни тематски области за истражување и иновации
   **Индикатор:** *Оперативен механизам за утврдување на приоритетни тематски области за истражување и иновации*

Изготвена е предлог Стратегија за паметна специјализација и истата на 17.11.2023 е јавно објавена за консултација со сите засегнати страни (објавена е и на веб страната на МОН)

Стратегијата за паметна специјализација 2023-2027 со Акциски план 2024-2025 е усвоена/донесена на 207-та седница на Владата, одржана на 12.12.2023г.

Согласно методологијата на Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија, детектирани се четири области во кои земјата има потенцијали за голем развој и кон кои треба да се насочи, а тоа се: паметно земјоделство и прехрамбена индустрија; информатичко - комуникациска индустрија; индустрија 4.0 каде спаѓаат електро - машинска, металопреработувачка и автомобилска индрустрија, и последната област е паметни објекти и материјали. Нотирано е дека треба да се вложува и во туризмот и во енергетиката како сегменти кои ги поврзуваат четирите области. За секоја од четирите области формирани се

посебни работни групи, кои започнаа интерни дебати, со цел јакнење на меѓусебната доверба, промовирање на нови форми на соработка, детално скенирање на потенцијалните области за инвестирање и допрецизирање на најдобриот пристап за тоа како и што да се вложи во тие области.

3. Засилување на истражувачката инфраструктура (центри на извонредност, забрзувачи, центри за трансфер на технологии) во одбрани универзитети
   **Индикатори***: Акредитирани 24 лаборатории во јавни универзитети и опремени во согласност со побарувањата за висока технологија; Целосно оперативна Национална канцеларија за пренос на технологии; Дел од приватното финансирање мобилизирано како процент на инвестициите на ФИТР во активности за иновација; Процент на корисници кои ги потпишале договорите за соработка меѓу претпријатијата и академската заедница; Број на компании во Акцелераторската програма на ФИТР; Постојан пристап на институциите коишто вршат истражување кон доследни извори на научни бази на податоци (на пр.Web of Science, Elsevier, Scopus, EBSCO)*

Врз основа на Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен и јавен интерес од 2021 година (поддршка за развој на лабораториски ресурси) со што ќе се унапредат постоечките научно – истражувачки капацитети преку модернизација на условите во лабораториите, но и ќе се набават нови лаборатории и истражувачка опрема(пр. акредирација на лаборатории и/или методи, воведување на нови аналитички методи во рамки на лабораториите, набавка на опрема, што подразбира модернизација на лабораториската инфраструктура и друго), одобрени за финансирање се вкупно 44 проекти во времетраење од 3 години (2021 – 2023) во износ од 224 милиони денари.

Во 2022г. МОН склучи нов петгодишен договор со EBSCO Publishing, за пристап до 14 бази на електронски научни списанија и информации со фактор на влијание кои вкупно опфаќаат над 57,000 списанија. Со тоа овие бази и списанија се достапни до државните универзитети и научни институти односно до научните работници и студентите од високообразовните институции и јавните научни установи во земјата, до 2027 година.

Фондот за иновации и технолошки, преку јавниот повик „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин оф“, додели 2,3 милиони евра за развој и поттикнување на иновативноста кај домашните претприемачи и започнувањето на сопствени бизниси. Вкупно 61 проектни апликации (29 компании и 31 проектни тимови) се поддржани преку повикот „Стартапувај – 5”. Од вкупниот буџет на повикот, 2,3 милиони евра се инвестиција на ФИТР, додека 412 илјади евра се средства кои ги инвестираат самите компании.

По однос на Јавниот повик „Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст”. Доделени се вкупно 4.4 милиони евра за поддршка на 86 домашни претпријатија да ги реализираат своите иновативни проекти.

## 6.УЧЕЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 „Зголемување на квалификациите на возрасните (знаења, вештини и компетенции)"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат до 2025 година:

1. Воспоставување на системот за ВНИУ
   **Индикатори**: *Воспоставен системот за ВНИУ; Пилотиран системот на најмалку 3 квалификации со учество на најмалку 30 кандидати*

Изготвен е нов Закон за образование на возрасни, со кој се уредува постапката за валидација на неформално и информално учење. Владата на 174-та седница, одржана на 25.7.2023, го утврди текст на Законот и истиот е доставен во собраниска постапка на усвојување. Законот е ставен на дневен ред на 125-та седница на Собранието. По донесување на Законот од страна на Собранието ќе бидат донесени и сите подзаконски акти со кои подетално ќе се уреди системот на валидација на неформалното и информалното учење.

2. Обезбедување поддршка за завршување на средното образование од страна на возрасните
   **Индикатори**: *Вклучени најмалку 1000 возрасни во средното образование*

Индикаторот е постигнат и надминат. Во средното стручно образование за возрасни се опфатени 4403 ученици од кои успешно го завршиле 3571 учесници.

Во период од 2021 до 2023 се вклучени 832 учесници во општините: Чаир, Куманово, Прилеп, Сарај, Тетово, и Арачиново.

Во месец ноември 2022г. донесена е Концепцијата за средно образование на возрасни. Концепцијата ги поставува постулатите за развој на средното образование на возрасните во наредните 10 и повеќе години. Фокусот е ставен на мерки и активности што ќе овозможат возрасните лица активно да се приспособуваат на промените во општеството, кои ќе овозможат личен развој и инклузивно и кохезивно општество што учи и се развива.

3. Зголемување на свеста за значењето и можностите на УОВ на сите нивоа во општеството
   **Индикатори**: *Изработен Концепт за подигање на свеста и залагање (работилници, форуми, летоци, медиуми, итн.) и договорен со клучните заинтересирани страни; Обезбедени најмалку 4 регионални и 1 национална кампања (годишно) за подигање на свеста и залагање со креаторите на политиките, работодавачите, давателите на услугии со различни категории на населението*

Продолжи имплементацијата на ИПА проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието за

возрасни“, во рамки на кој се спроведуваат и активности за подигање на свеста за образованието на возрасните.

Центарот за образование на возрасните, како национален координатор за имплементација на Европската агенда за образование на возрасните, доби грант од Европската извршна агенција за образование и култура – EUROPEAN EDUCATION AND CULTURE EXECUTIVE AGENCY (EACEA) за реализација на проектот „Implementing priorities for the European Agenda for Adult Learning – National Coordinators for the implementation of the Agenda“, во периодот од 1.1.2024г. до 31.12.2025г. Целта на овој проект е да одговори на тековните предизвици во областа на образованието на возрасните, како што се ниската свест и учество во образование на возрасните и доживотното учење, придонес кон забрзување на тековните процеси за исполнување на националните стратешки цели во образованието на возрасните, зајакнување на општата коррдинација меѓу релевантните актери и чинители во градењето синергија за заедничко дејствување, а во согласност со приоритетите дефинирани во Европската агенда за учење на возрасните.

Мерките креирани во рамките на овој проект, се насочени кон исполнување на следниве цели:

1. Зголемување на учеството на возрасни во образование на возрасни и доживотно учење преку унапредување на рамковните услови и создавање овозможувачка средина
2. Развој на пазарот на труд преку ефикасна примена на иновативни стратегии поврзани со вештини и
3. Промоција на европската димензија на образованието на возрасните.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2** „Подобрување на содржината и квалитетот на учењето и образованието на возрасни”, предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во 2020 година но истата продолжи да се реализира и во 2022 година, 1 мерка со рок на реализација 2022г. и 1 мерка со рок на реализација до 2025г.:

1. Ревидирање и поедноставување на процедурите за верификација на програмите за неформално образование на возрасни и за верификација на давателите на услуги
   **Индикатори**: *Одобрена и воведена ревидирана процедура за верификација на давателите на услуги на неформално учење на возрасни и спроведување на истото*

Во 2023 година, верификувани се 42 нови посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација и 3 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции, а 2 се во процедура.

Со предложените измени во новиот закон се унапредува процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасните (член 15 и член 16) и процесот на верификација на установи и институции за образование на возрасните (член 17)

2. Ревидирање и подобрување на процедурите за следење на спроведувањето на УОВ за возрасни, како и механизмите за екстерна проценка на квалитетот

**Индикатори:** *Ревидиран систем на следење на квалитетот во УВОна возрасни со јасно дефинирани процедури*

Со предложените измени во новиот закон со посебна глава се уредува ..Обезбедување и осигурување на квалитет".

3. Операционализирање на Национален систем на обука за обучувачи за обучување на возрасни лица
   **Индикатори:** *Законски воведен систем за обука на обучувачи за обучување на возрасни лица; Официјално одобрени професионални стандарди и работни профили за обучувачи на возрасни лица; Усвоени програми за обука на обучувачите на возрасни лица; Најмалку 50 обучувачи за обучување на возрасни лица успешно ја завршиле обуката*

Сертифицирани се 18 обучувачи за возрасни

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со учењето и образованието на возрасни"** , предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат до 2025 година:

1. Подобрување на плановите за финансирање на образованието на возрасни лица
   **Индикатори**: *Посебна ставка за УОВ во државниот буџет со најмалку 1,5% од вкупниот буџет за образование*

Буџетот на Центарот за образование на возрасни за 2023г. изнесува 0.09 % од вкупниот буџет на МОН (на истото ниво како и во 2022г.)

2. Подготвување основа за воведување на механизми за да се поттикнат работодавачите да инвестираат во образование и обука на возрасни лица
   **Индикатори**: *Обезбедена физибилити анализа за воспоставување на систем за поттикнувања на работодавачите (како и механизми за осигурување на обучуваните, осигурување на машините, механизми за снабдување на материјали за менторство и обука) со цел да инвестираат во образованието и обуката на возрасните лица; Изготвени препораки и разгледани со сите клучни заинтересирани страни*

Не се преземени конкретни мерки во 2023 г.

## 7. ОПШТИ/ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 „Подобрување и усогласување на законската основа во образованието"** , предвидена е 1 мерка која треба да се реализира до 2025 година:

1. Ревизија, подобрување и усогласување на постојното законодавство во областа на образованието/ Анализа и поддршка за постепена трансформација на дел од специјалните училишта во ресурсни центри/ Постепено воведување на диференциран пристап во наставата – прилагодување на наставата како одговор на учењето на учениците со посебни образовни потреби или на потребите за социјална грижа/ Развивање на ресурси за спроведување на диференцијален пристап за учениците со сериозни потешкотии во учењето и со интелектуална попреченост
   **Индикатори**: *Нацрт Закони за измени на постојните закони поврзани со образование*

Во текот на 2023 година изготвени и утврдени се од страна на Владата следните закони, во насока на ревизија, подобрување и усогласување на законодавството:

- Закон за образование на возрасни (утврден на 174-та седница од 25.7.2023)
- нов Закон за стручно образование и обука (утврден на 221-та седница од 16.1.2024)
- нов Закон за средно образование (утврден на 221-та седница од 16.1.2024)

Посебните училишта се целосно трансформирани во ресурсни центри. Од страна на МТСП. МЗ и МОН донесен е нов Правилник за функционална проценка, објавен во Службен весник бр.9 од 17.1.2023г. Завршена е постапката за ангажиање образовни асистенти за учебната 2023/2024 година. Ангажирани се 820 асистенти (во учебната 2022/2023 беа ангажирани 720, а во учебната 2021/2022, 500 асистенти). Обезбедени се согласности за вработување на нови 7 специјални едукатори и рехабилитатори и 4 педагози

Во секое училиште каде што е запишан ученик со попреченост согласно препораките на Комисијата за МКФ, формиран е инклузивен тим за ученикот и изготвен е ИОП или модифицирана програма согласно потребата на ученикот.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Подобрување на системот за прибирање статистички податоци и ЕМИС"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година но истите продолжија да се реализираат и во 2023 година:

1. Ревидирање на структурата, содржината и механизмите за пристап до ЕМИС
   **Индикатори**: *Сеопфатен (во однос на покривањето на нивоата на образование) и целосно функционален ЕМИС, којшто содржи ажурирани и точни податоци, достапен на сите клучни заинтересирани страни авторизирани како корисници*

Во текот на 2023 година со поддршка од ИПА фондови продолжи да се развива нов интегриран информациски систем за собирање и обработка на податоците вклучени во образовниот процес. Системот треба да го автоматизира работните процеси во Министерството за образование и наука (МОН) и во другите институции што се поврзани со управување на образованието во основните и средни училишта и универзитетите. Системот треба да обезбеди функционалности за внес, промена, валидација, процесирање, дистрибуција и анализа на податоци од дадените процеси. Да го автоматизира распоредувањето на наставниот кадар, управување со перформансите на учениците,

проценка и ефикасност на образовните процеси, како и распоредување и дистрибуција на потребните ресурси до образовните институции. Исто така, системот треба да ја подобри комуникацијата помеѓу институциите корисници на системот, училиштата, универзитетите, наставниците и родителите и да обезбеди централизирани и брзи статистички анализи и извештаи. На овој начин системот ќе овозможи МОН на оптимален и автоматизиран начин да го планира, спроведува, следи и оценува образовниот систем. Предложениот систем треба да претставува комплетно ново решение што ќе ја забрза дигиталната трансформација на инволвираните институции и ќе ја зголеми нивната ефикасност и ефективност.

Одржани се голем број на работни состаноци со крајните корисници БРО, ЦСОО, ДПИ, училишта, како и со фирмите кои ги одржуваат останатите системи на министерството во насока на нивно меѓусебно поврзување и размена на податоци.

Новиот систем се очекува да биде предаден на МОН во месец јуни 2024г.

2. Подобрување на официјалниот систем за прибирање статистички податоци
   **Индикатори***: Потпишан Меморандум за соработка меѓу МОН и ДЗС; ДЗС ги користи административните податоци од ЕМИС за подготовка на официјалните образовни податоци; Објавените официјални податоци подготвени од ДЗС ги поддржуваат потребите за образовни податоци на МОН*

Склучен е Анекс на Меморандумот за соработка помеѓу МОН и ДЗС за размена на податоци (од 2022г.) Одржани се неколку работни состаноци помеѓу МОН, ДСЗ и формата изведувач на новиот ЕМИС на кои се дефинирани модулите за размена на податоци и начинот на кој ќе се разменуваат истите.

3. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси за управување, анализа и користење статистички податоци за целите на управувањето и владеењето
   **Индикатори***: Сите училишта имаат вработен задолжен за обезбедување податоци за ЕМИС и за ДЗС; Заснованост на документите за политики, документите за планирање, извештаите, студиите итн., на сите нивоа на корисна употреба и анализа на статистичките информации*

Во сите училишта има лице задолжено за ЕМИС системот (согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта). Дел од ЕМИС администраторите од основните и средните училишта имаа обука за запознавање со новиот систем за административна работа на училиштта и е-дневник Избрани беа адаминистратовите од училиштата во кои ќе се пилотира новиот систем.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката и дигитална писменост"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020 - 2025 година:

1. Употреба на ИКТ во процесот на учење

**Индикатори**: *Одобрени стандарди за користење ИКТ на сите нивоа на образование; Обезбедена потребна ИКТ опрема на барем 50% од јавните образовни институции; Развиен образовен софтвер за користење ИКТ според стандардите и обезбеден им е на корисниците; Обучени кадри од опремените институции за користење ИКТ во образовниот процес; Подготовка на е-услуга за ученички апликации/запишување во средно училиште*

Во рамки на Националните стандарди за основно образование, развиени се стандарди за подрачјето Дигитална писменост (подрачје 4). Врз основа на Националните стандарди изработени се нови наставни програми за трео и шесто одделение кои започнаа да се применуваат во настава од учебната 2023/2024 година и нови наставни програми за седмо одделение кои ќе се применуваат во настава од учебната 2024/2025 година.

Системот за образование на далечина, активно се користи од страна на училиштата (наставниците и учениците) согласно утврдените потреби (он лајн настава, алатките како OneNote Classrom, OneDrive, MC Forms...). Заврпена е постапката за реалокација на лиценци на учениците од завршните години за користење на системот за учење на далечина и ниво префрлање на новозапишаните ученици (од прво одделение)

Набавена е информатичка технологија и мрежна инфраструктура за 40 основни училишта (финансирани со заем од Светска банка). Во училиштата се поставија безжични пристапни точки преку кои се овозможува интернет пристап во сите училници, кабинети, канцеларии, спортски сали и придружни објекти, а паралелно се поставија и заштитни firewall- уреди, кои гарантираат безбеден пристап, со тоа што истите се приклучени на централен систем за управување во МОН кој го контролира пристапот до содржините на интернет, оневозможувајќи отворање на веб сајтови што на глобално ниво се означени како страници со несоодветна содржина.

Завршена е и Јавната набавка на ИТ опрема за 40-те основни училишта преку Буџетот на МОН (персонални компјутери, монитори и преносни компјутери, опрема за презентација на настава, систем за ИТ податочна безбедност, 3Д скенери, печатари, скенери, проектори, УПС, офтверски пакет за уредување и работа со документи.....) и опремата е доставена до основни училишта.

Спроведена е јавна набавка на опрема за воспоставување на приватен облак и услуги за централизирано управување со Сајбер Безбедност. Започната е јавна постапка за изнајмување на облак (cloud) платформа на хостирање на системите на Министерството.

На 11 и 12 ноември 2023 година во Скопје, ДИЦ првпат започна со реализација на напредните обуки за директори, и тоа две обуки од областа финансии и по една обука од областите воведување на наставниот кадар во воспитно-образовниот процес и дигитална писменост. На обуките беа присутни 85 директори на училишта.

Во месеците јули и август се спроведе втората фаза на обуки на настаници и стручни соработници од Каталот на акредитирни програми, во која беа вклучени 17.200 наставници и 1.100 стручни соработници.

2. Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси
   **Индикатори***: Достапна целосно оперативна е-платформа со ажурирани ресурси за настава и учење на кадарот во сите образовни нивоа, децата, учениците и студентите*

Платформата Едуино континуирано се надградуваше и во текот на 2022г. со нови видео содржини и вебинари.

На 28.12.2023г. промовирани се дигитализираните интерактивни учебници за четврто, петто и шесто одделение кои содржат мултимедијални елементи како видеа, фотографии, илустрации, квизови и друга содржина што го прави процесот на стекнување знаења поинтересен, а со тоа и поефективен. Тие се во согласност со наставните програми и националните стандарди за постигањата на учениците во основното образование. Поставени се на посебна, стабилна платформа, nastava.mk и достапни се во секое време и од секое место каде може да се воспостави интернет врска.

3. Основање Математичко-информатичка гимназија (средно училиште) и/или ИКТ паралелки во неколку средни училишта специјализирана/и за компјутерски науки и математика
   **Индикатори***: Оперативна Математичко-информатичка гимназија и/или ИКТ паралелки со постојан образовен процес за првата генерација ученици; Можност за зголемување на бројот на слободни места во гимназијата/паралелките секоја година, во согласност со зголемениот број баратели*

На 31.3.2023 објавен е Конкурсот за упис на ученици во средните училишта во учебната 2023/2024 година. Во Математичко-информатичката гимназија отворен е конкурс за прва година за упис на 68 ученици во 2 паралелки (34 ученици во 1 паралелка со настава на македонски јазик и 34 ученици во 1 паралелка со настава на албански јазик). На 5.4.2023г. овајев е Јавен повик за полагање на приемен испит на учениците кај кои има интерес за запишување во математичко - информатичка гимназија за учебната 2023/2024 година.

На 27.9.2023г. објавен е Конкурсот за доделување на стипендии за ученици запишани во Математичко-информатичката гимназија за учебната 2023/2024 година. Доделени се вкупно 43 стипендии (во учебната 2022/2023 година доделени се 30 стипендии).

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Зајакнување на социјалното партнерство и подобрување на дијалогот за образовните политики"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат до 2025 година:

1. Воспоставување структура за социјално партнерство за образовниот сектор

**Индикатори**: *Официјално воспоставен и целосно функционален Одбор за развивање образовни политики (ОРОП) со соодветна претставеност на социјалните партнери*

2. Развој на капацитетите на социјалните партнери за дијалог за образовните политики
   **Индикатори**: *Обучени членови на ОРОП и други релевантни претставници на јавни тела и организации и на социјалните партнери*

Не е формиран Одбор за развивање образовни политики (ОРОП) со соодветна претставеност на социјалните партнери

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5 „Операционализација на МРК"**, предвидени се 4 мерки кои се реализирани во 2020 година.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 6 „Подобрување на капацитетите на националните институции и обезбедување мониторинг и евалуација на Стратегијата"**, предвидена е 1 мерка кои треба да се реализираат во периодот 2020 - 2025 година:

1. Мониторинг на процесот на спроведување на Стратегијата
   **Индикатори**: *Воспоставено и функционално тело за мониторинг и евалуација во МОН; Оперативен механизам на мониторинг на Стратегијата со должно вклучување на клучни заинтересирани страни заедно со социјалните партнери; Одлуки за прилагодувања потребни за остварување ефикасно и ефективно исполнување носени врз основа на редовен мониторинг*

Стратешкиот план на Министерството за образование и наука за 2023-2025 како и Годишниот план на Министерството за 2023 г. се изработени врз основа на Стратегијата за образование 2018-2025. МОН изготвува редовни квартални извештаи за спроведување на Стратегијата и Годишниот план кои се споделуваат со сите сектори и органи во рамки на МОН, а годишните извештаи за спроведување на Стратегијата и Годишниот план за работа на МОН за 2022 и 2023г. се објавени на веб страната на министерството.

Извештајот за спроведување на Стратегијата за образование, за 2022 г. е исто така објавен на веб страната на МОН во месец март 2023г.